

ГЕВГЕЛИЈА

# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

Август, 2026 - Број 111



# СОДРЖИНА

Стр. 3
**Тема**




Стр. 4-8
**Актуелно**



Стр. 9-11
**Проекти**



Стр. 12-15
**Хроника**



Стр. 16-19
**Култура**



Стр. 20-23
**Млади**



Стр. 24-25
**Спорт**



Стр. 26-27
**Мозаик**



# ОТВОРЕН „МЕГА ШОПИНГ ПАРКОТ“ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Свеченото отворање на „Мега шопинг паркот“ во Гевгелија беше проследен со вистински музичко-забавен спектакл невиден на овие простори. Богатата културно-забавна програма, наменета за сите возрасти, за четири дена привлече над 40.000 гости од земјата и регионот. Посетителите имаат можност да уживаат во настапите на познати домашни и регионални музички имиња, меѓу кои домашната дива Тамара Тодевска, се попопуларната грчка пеачка Иви Адаму, нашиот, а светски познатиот Кирил Џајковски, регионалната икона Северина, домашните групи Пајак и Слаткаристика, како и рок-легендите „Зијан“ и други изведувачи. Покрај музичката програма, беа организирани и бројни активности за најмладите посетители, вклучувајќи детски аниматори, маскоти со омилени ликови од сказните и цртаните филмови, креативни зони, гејминг-содржини, интерактивни игри и забавни активности.



ТЕМА

# ГЕВГЕЛИЈА НОВ ТУРИСТИЧКИ ТРГОВСКО-УСЛУЖЕН ЦЕНТАР










Гевгелија летово, наспроти годишните одмори и летните горештини, живее. Улиците, кафулињата, ресторантите, супермаркетите се раздвижени, особено во вечерните часови. Забележливо е присуството на гости од Србија, Романија, Унгарија, кои транзитираат низ Гевгелија, а, се разбира, и Грци кои се редовни и најбројни посетители. Во Општина Гевгелија се регистрирани 130 издавачи на апартмани со над 1300 легла, што значи дека пред и за време на викендот во приватните легла во Гевгелија отседнуваат исто толку транзитни туристи. Оваа бројка е трикратно поголема ако се имаат предвид хотелските капацитети, во прв ред, хотелите „Аполонија“, „Принцес“, „Фламинго“ и Негорските Бањи. Преку викендите сите расположиви легла се пополнети, а градот врие од туристи.

Токму ваквата посетеност на Гевгелија е јасна потврда дека градот на југот крај македонско-грчката граница е значајна транзитно-туристичка дестинација. Едноставно, го помести неговиот инвестицискo-економски развој и донесе многу новини со долгорочна перспектива. Гевгелија летово доби два големи шопинг-центри „Гевгелија мол“ и „Мега шопинг центар“, а до крајот на годината се очекува да биде отворен и супермаркетот на познатиот светски синџир ЛИДЛ. Меѓутоа, тоа воопшто не значи дека градот прерасна во трговски центар, бидејќи по отворањето на „Мега шопонг паркот“ станува сè појасно дека Гевгелија полека прераснува во регионален туристички трговско-услужен центар.

Покрај современите продажни објекти со најпознатите домашни и интернационални брендови, на гостите им се нудат најразновидни угостителски услуги. Но, и многу забава за возрасни и деца, така што гевгелиските шопинг-центри секоја вечер, а особено преку викендите, претставуваат привлечна дестинација. И тоа, не само за посетители од Гевгелија, туку и од околината, бидејќи непобитен факт е дека гостите не сакаат само да пазаруваат, туку и да се забавуваат. Тоа најдобро го потврди големото „Мега шопинг шоу“ на отварањето на овој голем трговски угостителски-рекреативен комплекс, кој во текот на сите четири вечер привлече повеќе илјадна публика. Досега невидено на овие простори, како поради огромниот број на гости, така и поради одличната организација и менаџирање на вакви мултимедијални настани. Почнувајќи од професионалноста на изведувачите и логистичката поддршка, па сè до атмосферата и сообраќајниот режим.

Но, Гевгелија не застанува само на ваквата трговско-туристичка понуда, туку и ги проширува можностите за збогатување на туристичките погодности и знаменитости. Центарот на Гевгелија целосно го промени својот лик со реаставрацијата и реконструкцијата на Старата чаршија. Таа не само што го поврати стариот сјај туку и прерасна во најсветол и урбан дел од централното градско подрачје, кое подеднакво го привлекува вниманието на бројните туристи, но и на самите гевгеличани. Дури и најголемите критичари увидоа дека со промена на фасадите на старите дуќани, новото партерно уредување, поставената урбана опрема, новите дрвореди и осветлување, Старата чаршија прерасна во вистински споменик на културата.

Уште еден таков споменик на градските обележја на Гевгелија од памтивека добива нов лик: реконструкцијата на улицата „Маршал Тито“ или попозната како „Од станица до граница“. И тоа, не само поради замената на старите гранитни коцки, туку и поради целосната реконструкција на улицата, инсталациите, тротоарите, дрворедите и осветлувањето. Со првите заменети коцки, на делот од улицата од Железничката станица до Градската библиотека, стана јасно дека Општина Гевгелија се грижи за зачувување на старите вредности. Ако се има предвид дека е предвидена и втора фаза од реконструкцијата на оваа улица до поранешна Касарна, тогаш сосема е јасно дека Гевгелија полека си ги враќа старите градски обележја во ново руво. Дополнително со изградбата на нов градски плоштад, за што веќе се работи проект, Гевгелија ќе добие модерно уреден и атрактивен градски центар за јавни настани, културни манифестации и дружење. Со тоа, всушност, се дополнува новата визија за трансформација на Гевгелија во туристички трговско-услужен, регионален центар.

**Отворен „Мега шопинг парк“ во Гевгелија**

# РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР НА ШОПИНГ ТУРИЗМОТ



Вратите на „Мега шопинг паркот“ во Гевгелија беа отворени со свечена церемонија и во присуство на бројни гости, претставници на Владата, локалната самоуправа и бизнис-секторот. Гевгеличани и граѓаните на регионот, како и бројните транзитни гости, добија нов трговски туристичко-услужен комплекс, кој се простира на површина од над 20.000 метри квадратни и располага со повеќе од 50 домашни и интернационални брендови, современи продажни објекти, угостителски содржини, детска гејминг-зона, куглана, простор за забава, како и пространи паркинг-места и полначи за електрични возила. „Мега шопинг парк“ претставува модерна и функционална дестинација за шопинг, рекреација и забава за посетителите од целиот регион. Со пресекување на лентата од страна на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, претседателот на Владата на Република Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски и генералниот директор на „Мега шопинг парк“, Сотирис Јанакудакис, беше одбележан почетокот на работата на еден од најголемите современи трговски комплекси во регионот.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во своето обраќање по повод отворањето нагласи дека реализацијата на оваа инвестиција претставува значаен чекор за економскиот развој на општината и отворање нови можности за локалната заедница.

- Отворањето на „Мега шопинг парк“ значи нова економска енергија за локалната заедница. Овој проект ќе овозможи над 400 нови вработувања и ќе придонесе за поголем број ноќевања од транзитните туристи. Гевгелија денес е ставена на мапата на сериозни инвестиции и прераснува во регионален центар на шопинг туризам, дестинација со врвни трговски, угостителски и забавни услуги, истакна градоначалникот Сарамандов. Притоа, потенцираше дека во изминатите четири години локалната самоуправа активно работеше на подобрување на инфраструктурата, урбаното уредување и создавањето поволни услови за инвеститорите и бизнис-заедницата. Според него, токму таквиот пристап придонел Гевгелија денес да биде препознаена како општина привлечна за домашни и странски инвестиции, кои носат нови работни места, економски придобивки и развој за целиот регион.

Генералниот директор на „Мега шопинг парк“, Сотирис Јанакудакис, на свеченото отворање истакна дека проектот претставува симбол на развој и современ пристап кон трговијата и услугите:

- Денес славиме реализација на една голема визија и проект што го рефлектира силниот економски потенцијал на земјата и нашиот регион. „Мега шопинг парк“ е создаден да постави нови стандарди, а со внимателното интегрирање на сите содржини на едно место, создадовме уникатен простор кој го нуди концептот ‘Total Experience’ и во целост ги задоволува сите потреби на посетителите. Нашата амбиција е јасна, а тоа е да ја трансформираме Гевгелија од транзитна точка во вистинска регионална и европска дестинација и да создадеме модерно обележје на кое целата заедница ќе биде горда.

- Овој шопинг-центар е огромна додадена вредност за економијата, не само во Гевгелија, туку и за целата држава. Очекувам да прерасне во место кое ќе го посетуваат сите кои транзитираат низ Македонија по Коридорот 10, бидејќи содржините што ги нуди се навистина импресивни. Колку повеќе вреди вашиот бизнис и колку е тој поголем, толку државата станува посилна. Ова е прекрасен објект кој на економијата во Гевгелија и дава нова димензија, изјави за медиумите премиерот на РМ, проф. д-р Христијан Мицкоски:

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, изрази благодарност до претседателот на Владата, проф. д-р Христијан Мицкоски и Владата на Република Македонија за поддршката во процесот на носење нови урбанистички планови, кои претставуваат основа за реализација на идни инвестиции и локален економски развој. Тој додаде дека преку заедничката реализација на повеќе проекти Општина Гевгелија продолжува да се развива во модерна, урбана и економски стабилна заедница со поволна бизнис-клима. Притоа, ја нагласи важноста на новите инвестиции за позиционирање на Гевгелија како значаен економски центар во Југоисточниот Регион, особено имајќи ја предвид близината со Грција и зголемениот број посетители и транзитни туристи од регионот. Се осврна и на успешната соработка со тимот на „Мега шопинг парк“, оценувајќи дека токму партнерскиот однос и заедничката посветеност придонеле проектот успешно да се реализира за релативно краток период, посакувајќи му успешна работа, многу посетители и долгогодишен успех на инвеститорите и целиот тим на „Мега шопинг парк“.

# ВЛОЖЕНИ 165 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРЕН РАЗВОЈ



Во работна посета на општина Гевгелија престојуваше вицепремиерот и министер за транспорт, Александар Николоски, кој заедно со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, изврши увид во повеќе реализирани и тековни инфраструктурни проек-ти на подрачјето на општината. Во рамки на посетата, беше посетено и старото градско јадро, каде што во тек е реконструкцијата на улицата „Маршал Тито“, на потегот од ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ до Железничката станица. Во обраќањето пред медиумите, вицепремиерот и министер за транспорт, Александар Николоски, истакна дека Владата останува посветена на инфраструктурниот развој на општина Гевгелија, осврнувајќи се на реализираните проекти, како и на новите инвестиции што ќе придонесат за понатамошен развој и модернизација на градот.

- Инвестираме преку 165 милиони денари за нови улици и инфраструктурни зафати во Гевгелија. Со Општината ќе работиме на изградба на нов влез во градот. Завршивме повеќе големи проекти во Гевгелија со што инфраструктурно градот доби



нов лик, едно модерно место за живеење. Покрај тековната реконструкција на улицата „Маршал Тито“, завршена е и изградбата на улицата „Новопланирана“ во вредност од 2,4 милиони денари, како и изградба на парк со детско игралиште на улица „Деко Ковачев“, во вредност од 7,1 милион денари. Завршена е реконструкција и рехабилитација на дел од булевар „Гевгелија“ и натпатник на улица „Железничка“, во рамките на првиот повик, во вредност од 17,7 милиони денари. Преку средства од Министерството за транспорт завршивме и реконструиравме улици во село Моин, во село Прдејци и во село Богородица и завршен е Западниот булевар фаза 3 со средства обезбедени од Министерството за транспорт со поддршка на Светска банка во вредност од 30,8 милиони денари, изјави Николоски, најавувајќи нов проект за општина Гевгелија.

- Со градоначалникот пред некој ден разговаравме и за нов влез на градот, кој ќе го преземеме како обврска, т.е. Министерството за транспорт и врски, еве, можам и официјално да го најавам овој проект. Така што ќе работиме заеднички за отворање на еден нов влез во градот- рече Николоски. Станува збор за целосно преуредување и изградба на улицата „Борис Кидрич“ во Гевгелија.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека реконструкцијата на улицата „Маршал Тито“ претставува значаен чекор во унапредувањето на урбаниот изглед и инфраструктурниот развој на градот, при што посочи дека проектот е насочен кон создавање современ, функционален и уреден јавен простор.

- Со реализацијата на овој проект создаваме современо и долгорочно решение за една од најзначајните улици во градот. При проектирањето е применет пристап на високи стандарди, со цел целокупната инфраструктура да биде поставена подземно, без надземни столбови и кабли. Со зачувувањето на автентичната калдрма, новото осветлување, урбаната опрема и дрворедите по целата должина, улицата „Маршал Тито“ ќе добие изглед достоен да биде меѓу најубавите улици во Македонија. И покрај бројните реакции во јавноста, сакам да ги информирам и успокојам граѓаните дека старите садници дрвја ќе бидат заменити со нови, ќе биде инсталиран и систем за нивно наводнување, со што улицата ќе добие повеќе зеленило и долгорочно инфраструктурно решение. Упатувам благодарност до вицепремиерот и министер за транспорт, Александар Николоски, за континуираната поддршка што Владата и Министерството за транспорт ја даваат за развојот на општина Гевгелија. Продолжуваме со реализација на проектите и планираните активности за 2026 година, со цел Гевгелија да продолжи да расте и да се развива во секој поглед, нагласи Сарамандов.

# ЗГОЛЕМЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ И ИНФРАСТРУКТУРЕН РАЗВОЈ

Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, од првично утврдениот износ од 887.172.293 денари, е зголемен за 83.586.983 денари, со што вкупниот Буџет изнесува 970.759.276 денари. Измените и дополнувањата на Буџетот беа усвоени на последната 9. седница на Советот на Општина Гевгелија. Зголемувањето на Буџетот за 2026 година е резултат на растот на приходите на Основниот буџет за 66.735.683 денари, преку трансфери од други нивоа на власт. Буџетот на дотации е зголемен за 15.849.961 денар, по основ на трансфер од други нивоа на власт, односно пренесен вишок од претходната година. Буџетот на самофинансирачките активности е зголемен за 76.329 денари, како резултат на пренесен вишок од претходната година во износ од 56.708 денари и зголемување на таксите и надоместоците во износ од 19.621 денар. За 1.563.788 денари е зголемена и ставката донации од странство.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, капиталните приходи во вкупната структура учествуваат со 28.650.000 денари или 2,95%, додека капиталните расходи изнесуваат 293.078.465 денари или



30,19%. Во Основниот буџет, капиталните расходи учествуваат со 254.662.381 денар или 49,64%, што претставува показател за задржување на развојната компонента на Општина Гевгелија и определбата на локалната самоуправа за реализација на капитални инвестиции и инфраструктурен развој.Во рамки на расправата по Предлог-измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, на 10. седница на Советот на Општина Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека зголемувањето на буџетот е резултат на зголемените приходи, добрата реализација на капиталните инвестиции и развиената економска активност во општината, при што значителен дел од средствата ќе бидат насочени кон капитални проекти, инфраструктурен развој и поддршка за граѓаните.

- Зголемувањето на Основниот буџет доаѓа како резултат на зголемените приходи по основ на ДДВ од Министерството за финансии. И минатата и оваа година бележиме значителен раст, пред сè поради добрата реализација на буџетот во изминатите три години, високиот процент на реализација на капиталните расходи и развиената стопанска активност на подрачјето на Општина Гевгелија. Најголем дел од овие средства се насочуваат кон реализација на капитални проекти и инфраструктурен развој, како и за обезбедување услови за реализација на нови инвестиции и проекти. Зголемување на расходната страна има и кај ставките за стоки и услуги, особено за комунални услуги и греење. Се врши зголемување и на средствата за субвенции и трансфери, од кои 4.000.000 денари се наменети за спорт, а 1.500.000 денари за еднократна помош за лекување, како и средства за Југоисточниот Плански Регион за проекти што се реализираат преку програмите за прекугранична соработка и за правни спорови, истакна Сарамандов.

# ПРЕЗЕНТИРАН НОВИОТ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во Гевгелија се одржа информативна трибина за презентација на новите активни мерки и програми за вработување за 2026 година, објавени од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија. На трибината присуствуваа заменик-министерот за економија и труд, Марјан Ристески, заменик-директорката на Агенцијата за вработување, Весна Пешова, директорката на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, Даниела Димовска, како и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Притоа, со заинтересираните граѓани и млади беа разменети информации, прашања и практични насоки за користење на новите мерки и можностите што тие ги нудат. Истовремено, беа презентирани условите, придобивките и начинот на аплицирање за активните програми, со посебен акцент на мерките насочени кон поттикнување на младинското претприемништво и финансиската поддршка за реализација на сопствени бизнис-идеи.

Опфатот на Оперативниот план за активни програми и вработување за 2026 година предвидува поддршка за самовработување на невработени лица над 29 години, во износ од 7.000 евра за



започнување сопствен бизнис, како и поддршка за млади невработени лица до 29 години, во износ од 10.000 евра за основање сопствен бизнис. Дополнително, предвидена е и можност за здружување на двајца корисници со финансиска поддршка од 14.000 до 20.000 евра за заедничко основање бизнис, при што највисокиот износ е наменет за млади лица до 29 години.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, потенцираше дека и покрај тоа што Општина Гевгелија се карактеризира со ниска стапка на невработеност, ваквите мерки ќе придонесат за отворање нови работни места и уште поголемо намалување на невработеноста. Притоа, упати повик до младите да аплицираат и ја реализираат својата бизнис-идеја преку основање свој сопствен бизнис. Како локална самоуправа остануваме посветени на создавање услови за развој и поддршка на младите. Ако имаме успешни млади, имаме и силна локална заедница, истакна Сарамандов.

# ОПШТОКОРИСНА РАБОТА КАКО АЛТЕРНАТИВНА МЕРКА



Општина Гевгелија склучи Меморандум за соработка со Управата за извршување на санкции при Министерството за правда, со кој се воспоставува рамка за реализација на мерката„Општокорисна работа" како вид на алтернативна санкција. Меморандумот во Гевгелија го потпишаа директорот на Управата за извршување на санкциите, Александар Пандов, и градоначалниците на општините Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци- Андон Сарамандов, Илија Тентов, Ѓоко Камчев и Блаже Шапов. Со потпишувањето на Меморандумот, се создаваат услови за поефикасна примена на алтернативните мерки на локално ниво во четирите општини од Југоисточниот регион. На тој начин се овозможува практична реализација на законските решенија кои, покрај санкционирањето, имаат за цел и успешно враќање на лицата во заедницата.

Општокорисната работа претставува алтернативна мерка која подразбира ангажман на осудени лица во извршување работи од јавен интерес без надоместок. Нејзината примена придонесува за развивање чувство на одговорност кон заедницата, поттикнува ресоцијализација и овозможува активно вклучување на лицата кои сториле полесни кривични дела во општествениот живот. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека воспоставувањето на оваа соработка претставува значаен чекор кон похуман и поефикасен пристап во спроведувањето на санкциите. Оваа соработка значи хуманизација на казнената политика кон лицата кои сториле полесни кривични дела и нивно активно вклучување во заедницата преку општокорисната работа. Истовремено, мерката создава предуслов и за унапредување на меѓуинституционалната соработка во интерес на заедницата. Продолжуваме да градиме партнерства кои носат позитивни општествени придобивки и придонесуваат за поодговорна и посолидарна заедница, изјави Сарамандов.

# ИНТЕРВЈУ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ АНДОН САРАМАНДОВ ЗА „NEWSMAX BALKANS" ТЕЛЕВИЗИЈА

***Градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандиов, во интервју за балканската телевизија NEWS MAXS BALKANS, одговараше за повеќе актуелни прашања за локалниот економски и туристички развој на општина Гевгелија.***




**- Покрај шопинг туризмот, казино и транзитниот туризам Гевгелија е позната и по прехранбената индустриија и развиената дентална медицина?**

Денес Гевгелија располага со повеќе капцитети од прехранбената индустрија, кои се извозно ориентирани и нивните производи ги има буквално на сите континенти. Гевгелиски бренд е ајварот, традиционалниот македонски производ од пиперка и модар патлиџан. Гевгелиски бренд е и смоквата, која виреe под ова поднебје и надалеку познатото слатко од смокви. Овие капацитетите се значајни за локалната економија и нејзиниот развој, а преку нивните брендови Гевгелија се промовира и надвор од границите на државата. Во последните години имаме огромен развој и во делот на денталната медицина на локално ниво. Нешто што прераснува во дентален туризам. Голем број странски посетители,особено грчките државјани, доаѓаат во Гевгелија за стоматолошки услуги поради прифатливи цени, високиот квалитет, современата опрема и професионалниот пристап на стоматолошките ординации. Токму затоа, денталниот туризам претставува уште една перспективна гранка која од година во година се повеќе придонесува за развојот на локалната економија, но и за збогатување на вкупната туристичка понуда на општината.

**- Гевгелија има врвна гастрономска понуда,но Гевгелија има и лозови насади и секогаш познати производи од грозје : вино и ракија. Каков локален пијалак им се нуди на туристите во градот Гевгелија ?**

Гевгелија има успешни компании, дестилерии, винарии, кои со својата работа придонесуваат за локалниот економски развој. Винаријата „Ригоимпекс" е еден од најголемите производители и извозници на квалитетно вино во Македонија,додека винарската визба „Јостела" прозведува квалитетни вина за сечиј вкус. Тука се и гевгелиските производители на ракија со одличен квалитет, како што се „Гордион амбер" и „Боемска", кои забрзано го освојуваат пазарот во Македонија, но и надвор од неа. Исто така,во поново време на територијата на општина Гевгелија имаме се повеќе пчелари и производство на домашен мед,а од неодамна функционира и „Апи терапискиот" центар Ристо Алчинов.

Советничка хроника

# ДОНЕСЕН ОПШТИНСКИОТ ОПЕРАТИВЕН ЕНЕРГЕТСКИ ПЛАН

Советот на Општина Гевгелија на својата 10. седница го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот Плански Регион за 2025 година, како и Одлука за обезбедување финансиски средства од општинскиот буџет за 2026 година за ученикот Стефан Младеновски и менторот м-р Стево Ѓоргиев за учество на IEO 2026.

На истата седница беа донесени повеќе други одлуки и



разгледани информации за состојбата со кучињата скитници, водоснабдувањето во населените места, состојбата со водоснабдувањето и фекалната канализација во Негорци, како и одржувањето и користењето на јавните паркинг простори во Гевгелија.

Во продолжение, се одржа и 11. вонредна седница на Советот на Општина Гевгелија, на која како единствена точка на дневниот ред беше донесувањето на Општинскиот енергетски план за 2027 година. Со овој документ за утврдуваат насоките, мерките и активностите за енергетскиот развој на општината во наредната година

# ПОДДРШКА НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ



Советот на Општина Гевгелија на својата 12. Седница донесе неколку одлуки и разгледа информации од значење за локалниот развој, комуналните дејности и услугите за граѓаните. Советот донесе Одлуката за обезбедување средства за пред-финансирање на проекти што ги имплементира Центарот за развој на Југоисточниот Плански Регион, со што Општина Гевгелија ја потврди својата заложба за поддршка на регионалниот развој и реализација на проекти од значење за локалната заедница. Исто така, беше донесена  Одлука за утврдување потреба од донесување Урбанистичко-планска документација за  катастарската парцела бр. 1206 во село Ума.

На седницата членовите на Советот и јавноста се запознаа со состојбата со постапувањето по барањата за утврдување статус на бесправно изградени објекти на подрачјето на општината, како и со состојбата на јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија. Потоа, беа разгледани и информации за состојбата со општинскиот линиски превоз и авто-такси превозот на патници, при што беше нагласена потребата за понатамошно подобрување на транспортните услуги во општината. Советот беше информиран за актуелните состојби и потребите за поддршка и развој на занаетчиството како значаен сегмент од локалната економија.

# ДОНАЦИЈА



Советот на Општина Гевгелија, на својата 13. редовна седница, донесе Одлука за обезбедување средства од Буџетот на Општина Гевгелија, како финансиска помош за лекување на Викторија Костадинова од Гевгелија. Советот одобри 150.000 денари за нејзино лекување во странство. Имено, на Викторија Костадинова ѝ е дијагностицирана акутна лимфобластна леукемија. Поради сериозноста на нејзината здравствена состојба, прво е упатена на болничко лекување во Инстанбул, Турција, а потоа и во Загреб, Хрватска. Доделените средства се наменети за понатамошно лекување во Загреб, Хрватска.

Проекти

# РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА СТАРАТА ЧАРШИЈА ВО ЗАВРШНА ФАЗА



Старата чаршија во Гевгелија, по конзервацијата, реставрацијата и реконструкцијата, осамна со нов лик. Овој споменик на културата, не само што го врати стариот сјај туку и претставува вистински урбан украс на центарот на градот. Реализацијата на проектот, кој е во завршна фаза, значително ќе ја збогати туристичката понуда на градот. Обновените фасади, поставените гранитни плочи, засадените дрвореди, поставената урбана опрема и модерното осветлување придонесоа Старата чаршија да прерасне во вистински споменик на културата. По финализирањето на целиот проект, обновата на сите фасади и поставените тенди, несомнено, е дека Старата чаршија ќе стане вистинска туристичка атракција.

Проектот е финансиски поддржан од Министерството за култура и туризам и Општина Гевгелија, а вкупната вредност изнесува 40.675.095 денари. Во досегашните фази, изведени се комплетно нови подземни инсталации, поставени се нов водоводен систем со приклучоци до секој дуќан, нов фекален и атмосферски канализациски систем и целосно нова електрична инсталација, со што е обезбедено трајно и долгогорочно решение за сите објекти. Извршено е целосно партерно уредување на Старата чаршија, поплочување со гранитни плочи на улицата „Бранд Петрушев" и тротоарите на улицата „7 Ноември". Во завршна фаза е фасадирањето на дуќаните и поставувањето на унифицираните тенди на дуќаните.

- Со обновувањето на Старата градска чаршија, која е белег на градот и која има силно историско и културно значење за гевгеличани, Гевгелија ќе добие туристичка атракција со традиционална архитектура. Тоа, несомнено, ќе придонесе за збогатување на туристичката понуда и развој на туризмот, како и за зголемен број посетители. Таквото заживување на центарот на градот ќе го зголеми интересот за работа на дуќаните, кои



во моментот послабо работат и со тоа чаршијата повторно ќе биде функционално градско јадро и атрактивен простор не само во секојдневниот живот на нашите сограѓани, туку и за реализација на различни културно-уметнички настани, смета градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.



# УЛИЦАТА „ОД СТАНИЦА ДО ГРАНИЦА“ ВО НОВО РУВО

Со преуредувањето на калдрмата на улицата„Маршал Тито“ во Гевгелија, започна да се назира вистинскиот лик на оваа улица попозната како „Од станица до граница“. Поточно, едно од главните историско-урбани обележја на Гевгелија од нејзиното прогласување за град. Имено, Гевгелија формално е прогласена за градска населба во 1886 година Гевгелија за административно-управен центар на Гевгелиска околија, со вкупно 68 населби. Железничката пруга Солун-Гевгелија била изградена, претходно, во 1872-1873 година, а три години подоцна започала изградбата на Железничката станица. Тогаш во Гевгелија живееле над 3.000 жители, а нејзините главни градски обележја била главната улица, од железничката станица до Воената касарна. Главната улица била калдрмирана и осветлена со фенери, крај неа никнале зданијата на околиската и општинската управа и повеќе и повеќе двокатни куќи.



По скоро еден и пол век започна обновата на калдрмата на најстарата гевгелиска улица, која го дели градот на два дела. Во тек е реконструкцијата на улицата „Маршал Тито“ во Гевгелија, која се наоѓа во старото градско јадро и е белег на градот. Изведбените работи се одвиваат на делот од оваа улица, од Градската библиотека „Гоце Делчев“ до Железничката станица. Станува збор за првите 700 метри од оваа улица, кои се реконструираат во првата фаза. Целата калдрма ќе биде пределена со што ќе се задржи автентичниот лик на улицата, а веќе се поставени подземни инсталации, нова водоводна линија и фекална канализација.

- Тоа значи дека ќе нема надземни столбови, бидејќи целата комунална и електронска инсталација е подезмна. Тротоарите, исто така, ќе бидат реконструирани и дотраените плочи заменети со гранитни плочи. Воедно, долж целата улица, на тротоарите ќе бидат насадени дрвја. Освен тоа, ќе биде поставена и урбана опрема, како и ново модерно осветлување со канделабри, изјави градоначалник на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Тој нагласи дека проектот се реализира со поддршка на Владата, преку Министерството за транспорт и врски.



Заменик-претседателот на Владата и министер за транспорт, Александар Николоски, кој заедно со гевгелискиот градоначалник изврши увид во градежните активности, изрази задоволство од реализацијата на новите проекти, кои, како што кажа, ќе ѝ дадат нов лик на Гевгелија.

- Со овој проект, овој дел од градот ќе ја врати автентичноста, но има и нови елементи, како што се подземната инсталација и модерното осветлување. Тоа што се решава целокупната инсталација и оди подземно и тоа што ќе има едно прекрасно осветлување, кое навечер ќе му даде целосно нов дух на овој дел од градот. Тоа ќе значи голема шанса и за околните жители нивните имоти да добијат вредност, а зошто да не се отворат и угостителски објекти тука, во кои ќе може да доаѓаат и гости од државата, но и гости од странство, кои често знаат да ја посетат Гевгелија. Како Влада и како Министерство за транспорт, дадовме поддршка за реализација на овој проект, во вкупна вредност од околу 81 милион денари- рече Николоски.

# „ONESTOPSHOP“ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ПРЕМИН ГЕВГЕЛИЈА-ИДОМЕНИ




Новата карго-железничка обиколница кај Скопје ќе донесе значајни придобивки за животната средина, но и ќе го забрза товарниот транспорт низ земјата, изјави вицепремиерот и министер за транспорт и врски, Александар Николоски, при посетата на Гевгелија. Со пуштањето во функција на пругата од Илинден до Драчево, товарните возови повеќе нема да минуваат низ централното градско подрачје, што според Николоски ќе значи намалување на загадувањето и пократко време на транспорт.

- Ова е важно од два аспекти – прво, од еколошки аспект, бидејќи товарниот сообраќај се трга од центарот на Скопје, а второ, затоа што ќе се скрати времето на патување и Македонија ќе стане поатрактивна за карго-сообраќајот- посочи Николоски.Тој нагласи дека обиколницата во минатото не била целосно искористена поради состојбата на железничката инфраструктура, но дека со реконструкцијата повторно се става во функција. Заедно со ЈП „Железници и инфраструктура“ работевме на целосна реконструкција и проектот беше завршен во рекордно време, рече Николоски.

Министерот оцени дека проектот ќе има позитивен ефект и за Гевгелија, бидејќи токму таму поминува Коридорот 10 – една од најважните транспортни рути во земјата.Дополнително, тој посочи дека воведувањето на принципот „onestopshop“ на железничката станица меѓу Северна Македонија и Грција веќе го олеснува транспортот, бидејќи товарните возови наместо две запирања имаат само едно.

- Уште еден проект, кој заеднички го сработивме, многу ќе помогне за Гевгелија, а тоа е дека воведовме onestopshop на железничката станица меѓу Македонија и Грција, што значи дека карго-возовите веќе не треба двапати да застануваат кога доаѓаат наваму, туку имаат само едно застанување - рече Николоски, нагласувајќи дека реализацијата и на брзата пруга се очекува да биде во предвидениот рок.

# ЦЕЛОСНО ЗАВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦАТА „ПЕТАР МУСЕВ“

Целосно заврши реконструкцијата на улицата „Петар Мусев“ во Гевгелија, со поставување на завршниот асфалтен слој, на површина од 2.500 квадратни метри. Со овој инфраструктурен зафат, една од пофреквентните улици во градот доби целосно нов изглед и подобрени услови за сообраќај и движење на пешаците. Во рамки на проектот беа изградени нова атмосферска канализација, извршена реконструкција и проширување на пешачката патека, како и комплетно асфалтирање на улицата. Реконструкцијата на улицата беше од приоритетно значење поради долгогодишните проблеми со одведувањето на атмосферските води, но и со недоволната безбедност за пешаците.

- Со реализацијата на проектот добиваме трајно инфраструктурно решение, а улицата, за првпат, по целата своја должина доби уредена пешачка патека, со што значително се подобрува безбедноста на пешаците. Со новата подземна инфраструктура, новите пешачки површини и новиот асфалтен слој, улицата добива комплетно нов лик и подобри услови за секојдневно користење. Граѓаните беа трпеливи и имаа разбирање во периодот на изведба на градежните работи. Иако, реконструкцијата привремено создаде отежнати услови за движење, придобивките се големи и од бенефит за сите сегашни и идни генерации. Продолжуваме со инвестиции во модернизација на локалната инфраструктура и подобрување



на квалитетот на живот во сите делови на општина Гевгелија, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при посетата на улицата.

Инаку, долж улицата „Петар Мусев“, пред ООУ „Крсте Мисирков“, беше изградена нова подземна атмосферска инсталација за прифаќање и одведување на површинските води- атмосферски крак со дијаметар Ф315. Паралелно со овие активности, беше извршена и реконфигурација на постојниот одводен систем во овој дел од градот, односно исклучување на постојните сливници, кои се приклучени на фекалната канализација. Со изградбата на новиот атмосферски крак се овозможи поефикасно собирање и одведување на дождовните води, а притоа се изврши и целосно одвојување на атмосферската од фекалната канализациска мрежа.

# НОВА СООБРАЌАЈНА ВРСКА ВО ЦЕНТАРОТ НА ГЕВГЕЛИЈА

Гевгелија доби ново сообраќајно поврзување во централното градско подрачје. По изградбата и асфалтирањето на улицата „Новопланирана 7“, овозможено е ново сообраќајно поврзување на улицата „Гоце Делчев“ со улицата „7 Ноември“. Станува збор за инфраструктурен проект чија цел е подобрување на сообраќајниот проток и унапредување на условите за безбедно движење во овој дел од градот. Реализацијата на овој проект уследи по континуираните анализи и согледувања на потребите за модерни и функционални сообраќајни решенија во градот.

За таа цел, беше извршено пробивање на новата улица меѓу ЈПКД „Комуналец“ и поранешна „Алатаница“ и уредување на теренот. Изградена е нова канализација за одведување на атмосферските води, изведен нов коловоз и целосно асфалтирање на трасата. Во рамки на улицата е изградена и



нова патека за пешаци и велосипедисти, со што дополнително се подобрува безбедноста и мобилноста на сите учесници во сообраќајот. По поставувањето на потребната хоризонтална и вертикална сигнализација, согласно сообраќајната техничка документација, улицата беше пуштена во сообраќај, а бенефитите од новото сообраќајно поврзување се повеќе од очигледни.

# УЛИЦАТА „КАРАОРМАН“ СО НОВ ЛИК И ФУНКЦИЈА

Уште една гевгелиска улица не само што доби целосно нов лик туку и претставува уште еден пример на заложбите за современа, функционална и уредена Гевгелија. Улицата „Караорман“ беше дел од проектот за изградба на нова подземна инфраструктура во Урбан блок 4.4 во Гевгелија. Имено, со рамките на овој проект претходно беше изградена нова фекална и атмосферска канализација, а на дел од улицата беше изведена и нова водоводна мрежа.

Согласно проектната документација и начинот на финансирање, беше предвидена санација само на делот од улицата каде што беа поставени подземните инсталации. Поставен е нов асфалтен слој што претставува квалитетно и трајно инфраструктурно решение. Со реконструкцијата на улицата „Караорман“ значително се подобрени условите  за живот на граѓаните, кои живеат во овој дел од градот, но и пошироко.



# НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛИЦАТА „АЛЕКСАНДАР БЕЛ“ ВО „МРЗЕНСКИ РИД“

Во станбената населба „Мрзенски Рид“ започна реализацијата на уште еден значаен комунален проект. Станува збор за изградба на нова водоводна мрежа на улица „Александар Бел“, при што ќе биде изграден цевковод во должина од 1.196 метри. Со реализацијата на проектот ќе се обезбеди сигурно и квалитетно водоснабдување за жителите на овој дел од градот, но и ќе се создадат услови за понатамошен урбан развој на населбата. Новата водоводна мрежа ќе биде директно поврзана со главниот резервоар, што ќе овозможи стабилен доток на вода за постојните домаќинства, како и за идните објекти што ќе се градат во населбата.

Притоа, со овој инфраструктурен зафат се заокружува подземната комунална инфраструктура во населбата „Мрзенски Рид“, што претставува важен предуслов за нејзино натамошно уредување и развој, имајќи го предвид зголемениот интерес за домување и изградба во овој дел од градот. За значењето на проектот и континуираните инвестиции во комуналната инфраструктура, се осврна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој истакна дека развојот на населените места и подобрувањето на условите за живот на граѓаните остануваат меѓу клучните приоритети на локалната самоуправа.



– Со реализацијата на овој проект се создаваат услови за понатамошен развој на населбата, а воедно се потврдува нашата определба секој дел од општината да добива современа и функционална комунална инфраструктура. Во изминатиот период реализиравме повеќе значајни инфраструктурни проекти во градот и населените места, вложувајќи во водоводни и канализациски мрежи, реконструкција на улици и уредување на јавните простори, со цел подобар квалитет на живот на нашите сограѓани– истакна градоначалникот Сарамандов.

# ИНТЕНЗИВНА ИЗГРАДБА НА „ЛИДЛ“ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Изградбата на светски познатиот синџир на маркети „Лидл“ во Гевгелија се одвива забрзано. На просторот на поранешен „Трансбалкан“, на влезот во Гевгелија, во тек се изведбените работи на „Лидл“ маркетот, кој се протега на површина од 2.356 м², со продажен простор од 1.507 м². Дополнителна придобивка за купувачите ќе бидат и предвидените 130 паркинг места, што ќе овозможат удобно и практично пазарење. Со реализацијата на овој проект „Лидл“ ја потврдува определбата за вложувања во современи малопродажни објекти изградени според највисоки стандарди, кои овозможуваат пријатно корисничко искуство и нудат внимателно селектиран асортиман, со оптимален соодност меѓу високиот квалитет и поволните цени, како препознатлив белег на компанијата на сите пазари.

– Со стартот на изградбата на маркетот во Гевгелија продолжуваме со стратегијата за ширење на продажната мрежа и долгорочно инвестирање во земјата. Нашата цел е да изградиме продажни места кои се пространи, светли и современи, со модерен изглед, со еколошки материјали и со фокус на енергетска ефикасност, создавајќи удобно искуство за нашите потрошувачи, но и квалитетна работна средина за нашите вработени, вели директорот за недвижности во „Лидл Северна Македонија“, Гоце Гаврилов. Притоа, потенцира дека секоја нова инвестиција на „Лидл“ има пошироко економско и општествено значење за локалната заедница и за националната економија со отворањето на нови работни места и соработката со домашните производители. Во таа насока тој истакна дека се посебно горди што преку



продажната мрежа на „Лидл“ за 2025 година е остварен извоз на македонски производи во вредност од 15.5 милиони евра.

Градоначалникот на Гевгелија, Андон Сарамандов смета дека оваа инвестиција е значаен чекор за развојниот потенцијал на општината, па, оттука и целосната отвореност како локална самоуправа за соработка со секој кој има намера да инвестира во Гевгелија. Гевгелија е меѓу првите градови во Македонија во кои почна изградба на маркет на Лидл, инвестиција која дополнително ќе ја засили атрактивноста на нашата општина. Истовремено, ќе создаде нови можности за вработување и зајакнување на локалната економија. Општина Гевгелија излезе во пресрет на инвеститорот и овозможи целосна логистичка поддршка за реализација на проектот. Верувам дека досегашната соработка со тимот на „Лидл“ ќе продолжи успешно и во идниот период, вели Сарамандов.

Советот на општина Гевгелија на последната седница ја прифати иницијативата на „Лидл Северна Македонија“-ДООЕЛ Скопје за донација од 7.596.965 денари без ДДВ за изградба на пристапна улица до новиот маркет во Гевгелија. Станува збор за изградба на дел од „Сервисна улица 2“ од ДУП за УБ во Гевгелија. Со донесената одлука за прифаќање на донацијата ќе започне и реализацијата на проектот за изградба на пристапната улица, северно од постојната улица меѓу двата надпатника, на влезот во Гевгелија. Со ваквото ново сообраќајно решение значително ќе бидат подобрени условите за сообраќај на влезот во градот.

Познатиот бренд „Лидл“ е дел од групацијата „Шварц“ (Schwarz), со седиште во Некар Улм, Германија, и е еден од водечките трговци со храна во Европа. Компанијата управува со околу 12.600 маркети и повеќе од 230 дистрибутивни и логистички центри во 31 држава, а вработува над 382.000 луѓе. Паралелно со изградбата на маркетот во Гевгелија, беше организирана и јавна презентација на потребите и можностите за вработување на заинтересираните лица во општина Гевгелија.

# ПРЕВЕНТИВНО ПРОТИВ ПОЖАРИТЕ

Во пресрет на летните горештини и заканите од пожари, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, одржа координативен состанок со претставници на сите надлежни институции во делот на подготовка и координација пред претстојната сезона на пожари. Имајќи го предвид зголемениот ризик од појава на пожари, на состанокот беше разговарано за активностите кои секоја институција ќе ги презема во рамки на своите надлежности, како и за потребата од засилена комуникација и заедничко дејствување на терен. Посебен акцент беше ставен на раната детекција на пожари, брзата реакција на службите, превентивните активности на терен и подигнувањето на јавната свест кај граѓаните за внимателно однесување во текот на летниот период.

Согласно донесените заклучоци, претставници на Координативното тело за заштита и превенција од пожари на



Општина Гевгелија ја започнаа превентивната акција на терен. Притоа, мобилните екипи ги посетија Миравци, Давидово и Милетково, но и сите други населени места, за превентивна заштита од пожари. Но, и за поголема вклученост на локалната заедница во спроведувањето на превентивните мерки и активности. Директната комуникација со жителите, како и делењето на информативен материјал, беа насочени кон укажување на превентивните мерки и препораки за намалување на ризикот од појава и ширење на пожари. Во разговорите беше нагласена важноста од одговорно постапување, навремено препознавање на потенцијални опасности и уредување на околината на домовите.

# ПРИЈАВЕНИ ШТЕТИ ОД НЕВРЕМЕТО НА 30 ЈУНИ И 1 ЈУЛИ ГОДИНАВА

На 30 јуни и 1 јули 2026 година, Гевгелискиот регион беше зафатен од невреме проследено со град, при што посебно беа зафатени населените места Негорци, Кованец и Ново Конско. Во овие населени места градот предизвика поголеми штети на земјоделските посеви, главно, лозови и овошни насади. Веднаш по невремето Општина Гевгелија ги повика граѓаните кои претрпеле штети дека можат да поднесат барања до Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи. Во предвидениот рок за пријавување на штети биле поднесени 20-тина барања за процена и утврдување на висината на предизвиканата штета.

По приемот на барањата, Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата веќе постапува по истите во рамки на своите надлежности. Имено, Комисијата најпрво, врши увид на самиот терен и проценка на штетата, а по што подготвува Елаборат за предизвиканите штети на земјоделските насади од невремето. По усвојувањето на Елаборатот на страна на Советот на Општина Гевгелија, истиот се доставува за понатамошно постапување до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи и до Владата на РМ, која ги обесштетува граѓаните.

# АПЕЛ



**Поради зголемените закани од пожари, сите граѓани треба да бидат особено внимателни и одговорни. Општина Гевгелија апелира до сите граѓани за максимална претпазливост и итно запирање на сите активности, кои вклучуваат оган на отворено во услови на силен ветер. Со оглед на фактот дека воздушните струења се најголемиот сојузник во брзото ширење на пожарите, секое палење на отпад, стрништа или сува вегетација во моментов се смета за висок ризик и директна закана по имотите и безбедноста во заедницат. Доколку забележат оган или чад граѓаните веднаш да ги известат надлежните служби преку бројот за итни повици 112, како и на броевите 193 и 034/211-881. Навременото пријавување и брзата реакција се од клучно значење за спречување на поголеми штети и заштита на луѓето, имотот и природните богатства.**

Гевгелиско културно лето 2026

# ВО ЗНАКОТ НА ТРАДИЦИЈАТА И КУЛТУРНАТА РАЗНОВИДНОСТ

„Гевгелиското културно лето 2026", традиционално и годинава стартуваше во јули, најавувајќи бројни културни настани, кои треба да го привлечат вниманието на гевгеличани, но и на бројните туристи. Истовремено, да им понудат културно освежување во летните вечери, и тоа, подеднакво на сите возрасти. Оваа летна културна манифестација и годинава ќе понуди интересни културни настани – музички концерти, театарски претстави, изложби, книжевни промоции, филмски проекции, детски и други настапи. Во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија" од Гевгелија, а во соработка со другите културни институции, како и до поддршка од Општина Гевгелија, на повеќе локации во Гевгелија летово ќе се случуваат разновидни културни настани.

„Гевгелиско културно лето 2026" стартуваше во духот на културата и традицијата на гевгелиското поднебје. Отворањето на манифестацијата беше проследено со интересен интерактивен етнонастан „Катче на 20. век". Настан кој предизвика внимание и поттикна интеракција со публиката, особено со децата, секако и туристите кои транзитираат овде. Обновената Стара Чаршија се покажа како нов и извонреден амбиент за вакви традиционални, но и други културни настани. Овде гостите на отворањето на манифестацијата можеа да месат леб на софра, да варат кафе од леблебија, претходно измелена во рачна машина, да се сликаат со автентична традиционална носија, да свираат на тапан, да носат стомни на глава или пак да плетат бел вез. Со еден збор да се потсетат или да видат како тоа го правеле нивните баби и дедовци во градот, кој бил вистински трговско-свиларски центар.



- Со ваквиот тип на настани се промовира традиционалното културно наследство на нашите предци, како и негово чување и пренесување на идните генерации. Исто така, се поттикнува интересот за фолклорот и за традицијата на Македонија, вели м-р етнокореолог Силвестер Проле, од Етнокореолошкиот оддел при Домот на културата во Гевгелија. Сакавме на непосреден начин да ги запознаме гостите со богатото гевгелиско културно наследство и непобитниот факт дека Гевгелија скоро еден и пол век имала градски живот. Со овој проект, на истава локација, ќе го завршиме годинашното издание на „Гевгелиското културно лето", на 5 август, кога очекуваме уште поголем интерес.

Манифестацијата продолжи со Изложбата на учесниците од Школата за керамика, која втора година по ред ја води вајарот керамичар, Гордана Петрова, и каде што младите гевгеличани имаа можност да се запознаат со глината, како и да создаваат сопствени керамички креации. На платото пред Народниот театар беше изведена монодрамата „Сите најубави нешта" со познатиот македонски актер Игор Ангелов, како и детската театарска претстава „Приказните на Далматинко". Традиционално и летово посебно внимание привлече концертот на вокалната група „Трио Џентлмен" со својот поп и класичен репертоар, но и многу други настани, како и филмски проекции на отворено во излетничкото место „Динќут".

- Посебен белег на годинашното гевгелиско културно лето даде Фестивалот на балкански и медитерански филм „Преку езерото", кој годинава, за прв пат, се одржува во три града, Дојран, Струмица и Гевгелија, воспоставувајќи вистински филмски мост. Овој пат фестивалот донесе исклучително филмско доживување. Имено, „Преку Езерото" беше во фокусот на иранската кинематографија, а публиката имаше ретка можност да проследи пет ирански филма, кои ја илустрираат огромноста, ширината и амбицијата на современото иранско кино, вели директорката на Домот на културата „Македонија" во Гевгелија, Емилија Старделова.

Филмски фестивал „Преку езерото“

# УНИКАТНА МЕДИТЕРАНСКА АТМОСФЕРА




Петтото издание на Фестивалот „Преку езерото“ се одржа од 8 до 15 јули 2026 година во Дојран, Струмица и Гевгелија. Настанот ја децентрализира културата, ставајќи фокус на иранската кинематографија, додека актерот Тони Наумовски е лауреат на наградата „Мето Јовановски“ за неговиот исклучителен меѓународен придонес во филмската уметност. Фестивалот „Преку езерото“, под водство на директорот Јани Бојаџи, годинава прави значаен исчекор преку децентрализација на своите активности во три града: Дојран, Струмица и Гевгелија. Овој „филмски триаголник“ не е само логистички предизвик, туку обид за обединување на регион кој споделува заедничка културна и цивилизациска историја.

Со користење на автентични локации како Амфитеатарот во Дојран, Фестивалот се стреми да создаде уникатна медитеранска атмосфера, додека плановите за вклучување на Кукуш во иднина укажуваат на амбиција за создавање прекугранична културна платформа без административни бариери. Годинашната програма „Земја во фокус: Иран“ понуди длабок увид во современата иранска продукција, која се соочува со предизвиците на цензурата и дихотомијата меѓу авторите кои работат во татковината и оние во дијаспората. Преку проекции на филмови како „Шума со портокали“ на Арман Кансаријан и „Проекционист“ на Горбанали Тахерифар, како и панел дискусии со експерти како Мехрдад Хамнеи од студиото „Егзит Арт“, Агим Абдула и Дамјана Ивановска од Кинотека, фестивалот отвори дебата за иднината на иранскиот филм во контекст на модерното живеење.

Централен настан на Фестивалот беше доделувањето на наградата „Мето Јовановски“ на истакнатиот актер Тони Наумовски. Ова признание го вреднува неговиот импресивен пат од Сиднеј и Софија до престижниот институт „Ли Стразберг“ во Њујорк. Успехот на Наумовски, потврден со 14 награди за улогата во филмот „Лена и Владимир“ на над 80 светски фестивали, служи како инспирација за младите автори. Фестивалот во негова чест ги прикажа остварувањата „Мојот Њујорк“ и „Лена и Владимир“, оддавајќи почит на неговиот придонес во светската кинематографија. Селекторот Златко Ѓелески ја обликуваше програмата со цел да избегне стереотипи за медитеранскиот филм, фокусирајќи се на автентични авторски гласови. Покрај главната селекција, која вклучува филмови како „Држи се за мене“ на Мирсини Аристиду и „Кома“ на Агим Абдула, Фестивалот стави акцент на вештачка интелигенција во филмот како неминовен технолошки предизвик, Студентска програма со 13 краткометражни остварувања од факултети во Македонија, како и Работилници за авторски филм поддржани од Креативна Европа. Со над 100 гости и богата програма, Фестивалот се етаблира како клучен културен настан во јужниот дел на Македонија.

„Калинка 2026“

# ФЕСТИВАЛ НА ДЕТСКОТО ТВОРЕШТВО




Гевгелија и оваа година беше центар на детската музичка креативност и енергија со успешно завршеното 24. издание на Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка“, кој со децении претставува една од најпрепознатливите културни традиции на градот. Овогодишното издание започна на 1 јуни 2026 година со богата неделна програма посветена на најмладите, која во текот на целата седмица ја исполни Гевгелија со нови детски композиции и активности, претворајќи го градот во сцена што постојано живее со музика. Главните вечери се одржаа од 5 до 7 јуни во преполната сала на Народниот театар, каде публиката уживаше во впечатливо аудио-визуелно доживување. Премиерните изведби, хорските настапи, танцот и приказните на малите уметници беа наградени со силен аплауз што ечеше по секој отпеан стих на големото финале од 24. издание на Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка“.



Во рамки на финалните вечери, свеченото отворање го означи градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој во своето обраќање истакна:

- Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка“ претставува еден од најпрепознатливите симболи на детската музика во Гевгелија. Родена во Гевгелија во 1992 година, „Калинка“ остави силен белег кај сите нас. Спомените на генерации деца, кои пораснаа со Фестивалот, неговата богата традиција и значајната улога што ја има во културниот живот на Гевгелија беа мотив во 2023 година фестивалот повторно да биде возобновен и денес успешно да се развива и да ја продолжува својата приказна. Негувањето на културата, традицијата и детското творештво е вложување во иднината и новите генерации. Токму затоа, поддршката од локалната самоуправа е континуирана и насочена кон сите поединци, здруженија и ентузијасти кои со својата посветеност придонесуваат за развојот на нашата заедница. Благодарност до организаторите, учесниците, родителите и сите кои придонесоа и овогодинешното издание на „Калинка“ да биде успешно и исполнето со убави моменти. Да продолжиме да создаваме нови спомени и да ја чуваме традицијата која три децении е дел од идентитетот на Гевгелија.

Музичкиот фонд на Фестивалот годинава се збогати со 20 нови детски композиции. Овие премиерни рефрени беа донесени на сцената преку гласовите на 25 млади изведувачи- „малите калинки“, кои покажаа одлична вокална и сценска подготвеност. Секоја песна донесе свеж музички бран, а крајниот резултат покажа дека зад овие три минути на сцена стои огромен труд, визија и посветеност на организаторите и уметничките соработници. Покрај новите композиции, фестивалската сцена оваа година беше збогатена и со настапот на специјалната гостинка, македонската пејачка Лара Иванова. „Калинка 2026 година“ донесе и момент на носталгија преку изведбата на „Фамилија музичари“, безвременски фестивалски хит што повторно ги обедини различните генерации љубители на „Калинка“ и предизвика силни реакции од публиката. Инаку, главните фестивалски вечери беа најавени со традиционалното шарено дефиле низ Градскиот плоштад, кое ја пренесе позитивната енергија директно до публиката и го означи почетокот на сценскиот дел од програмата.

# ПАТУВАЧКОТО КИНО „МАКЕДОКС“ ВО НЕГОРЦИ И ВО ГЕВГЕЛИЈА




Патувачкото кино на „МакеДокс“ ја започна својата 17-та сезона, носејќи документарни филмови и филмска атмосфера во места каде што публиката ретко има можност да гледа вакви проекции. Караванот на „МакеДокс“ обиколи шест населени места и градови, меѓу кои и Гевгелија, претворајќи плоштади, училишни дворови и јавни простори во привремени кина под отворено небо. Првата проекција се одржа во Неготино, кај Спомен-костурницата, следната станица беше Пепелиште, каде филмовите се прикажуваа во дворот на ООУ „Страшо Пинџур“, а Патувачкото кино пристигна во Демир Капија, на градското Шеталиште и во Долни Дисан, во ООУ „Гоце Делчев“.

Завршницата на годинашната тура се одржа во Негорци, во ООУ„Ристо Шуклев“, а последната проекција беше во Гевгелија, во СОУ „Јосиф Јосифовски“. Веќе 17 години Патувачкото кино на „МакеДокс“ ја шири културата на документарниот филм низ Македонија, овозможувајќи публиката од различни средини да се запознае со силни филмски приказни. Организаторите велат дека целта не е само гледање филм на бесплатни проекции на отворено, туку создавање простор за средба и дијалог меѓу луѓето.

**Музичко-поетска средба со Миле и Георги Барбаровски**

# „ПЕСНАТА Е ДА СЕ СЛУША...“



Во хотел „Аполонија“ гевгелиската публика имаше можност да присуствува на една исклучителна поетско музичка вечер со Миле и Георги Барбаровски, кои оставија траен белек во мкедонското музичко и поетско творештво. Настанот го отвори м-р Стефан Марковски, директор на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ во Гевгелија, за да потоа проф. д-р Ана Витанова Рингачева и м-р Сузана Мицева, низ еден пријатен разговор го претставија музичкото и поетското творештво на браќата Георги и Миле Барбаровски, од нивните почетоци до денешен ден.

Браќата Барбаровски се заеднички автори на голем број препознатливи песни и фолк хитови инспирирани од народниот дух и традиција, како „Заветна“, „Ако згрешам нека изгорам“ и „Гоцевата порака“ во изведба на Пепи Бафтировски,„Дали чекаш стара мајчице“, „Ај да беше стрела песнава“, „Граде мој“ и „Пеам да не заплачам“ на Гоце Арнаудов, „Лична Валандовчанка“ на Кирчо Поплазаров, „Ти ме предаде“, „Мала ќе ти е Шар Планина“ на Блага Петреска и „Песната може сè“ со Ефто Пупиноски, „Молитва“ од Виолета Томовска и на многу други.Добитници се на бројни награди за своето творештво, вклучувајќи ја „Златна бубамара“ на популарноста за животно дело во 2023 година, Наградата за животно дело на Општина Струмица, по повод патрониот празник на градот – Светите петнаесет Тивериполски свештеномаченици во 2025 година и други.

Георги Барбаровски (1949) е познат новинар и уредник во весникот „Нова Македонија“, македонски писател и текстописец на македонски народни песни, познат и како соработник и редактор во повеќе македонски весници. Миле Барбаровски (1952) е македонски композитор на популарна музика, кој дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на одделот на ударни инструменти и е автор на над 300 новосоздадени песни и ора во духот на народното творештво.

## Млади

**14. Меѓународен натпревар на млади пијанисти**

# СИЛНА КОНКУРЕНЦИЈА СО 60 УЧЕСНИКА

Од 9 до 11 јуни 2026 година, Гевгелија уште еднаш ги отвори своите врати за младата музичка елита и се претвори во вистинска престолнина на класичната музика. Годинешното, 14. по ред издание на Меѓународниот натпревар на млади пијанисти (InternationalPianoCompetitionforYouth), уште еднаш потврди дека е еден од најзначајните музички настани посветени на афирмацијата на младите пијанисти. Овој значаен културен настанвеќе четиринаесет години успешно ги привлекува и презентира младите пијанисти, благодарение на визијата и организацијата на истакнатиот македонски пијанист и уметнички педагог, Глигор Гелебешев. Годинава на натпреварот учествуваа 60 талентирани млади пијанисти од земјава.



Во текот на интензивната тридневна натпреварувачка програма, младите изведувачи се претставија со солистички настапи, поделени во три возрасни категории и опфаќајќи дела од различни стилски епохи. Нивните изведби беа ставени под лупа на строго, меѓународно стручно жири, составено од еминентни пијанисти и докажани музички педагози: проф. Милена Апиќ од Нови Сад (Република Србија), проф. Леа Шантек од Вараждин (Република Хрватска) и проф. Зрина Микелиќ Ботрил од Лондон (Велика Британија). При оценувањето беа земени предвид техничката подготвеност, музичката интерпретација, уметничката зрелост и сценскиот настап на натпреварувачите.

Во мошне силната конкуренција, учениците од ООМУ „Васо Карајанов" во Гевгелија постигнаа значајни резултати. Ученикот Лазар Мијов, во класата на професорот Душко Лазаров, освои максимални 100 поени и престижна Специјална награда,. Од истата класа на професорот Лазаров, Константина Митрова освои Прва награда, додека успехот на Училиштето го заокружи ученикот Мохан Мишра, кој ја освои Втората награда, под менторство на професорот Александар Лазаров. За Општина Гевгелија, овој натпревар претставува престижен културен бренд, кој веќе четиринаесет години успешно го позиционира градот на меѓународната мапа на сериозната уметност, но, истовремено и како поддржувач на трајни уметнички вредности.

# „МЛАДИНСКИ БРАН VOL. 2" ПУЛСИРАШЕ СО МЛАДИНСКА ЕНЕРГИЈА

Во Гевгелија, платото пред Народен театар, се претвори во отворена сцена на младинска креативност, идеи и инспирација. Завршниот настан од проектот „Младински бран Vol. 2" беше реализиран со поддршка на Европската Унија и Општина Гевгелија, а во организација на Локалниот младински совет. Музиката, уметноста и инспиративните приказни го обоија денот со позитивна младинска енергија, благодарејќи на настапите на Теодора Гошева Капсарова и Димитар Ангов, Ања Поп-Костова, Ангела Зафирова, Слободанка Арнаудова, „Ситуација бенд". Но, и на креативниот дух на Марија Џинова, Теодора Ставрова и Михаела Ризова, како и Мила Денчиќ, од Друштвото на писатели од Куманово

Едукативните сесии за меки вештини, претприемништво, старт-апи и иновации отворија нови хоризонти за младите со учеството во реализацијата на проектот на проф. д-р Вера Бошковска- Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје,



Стефанија Богдановска- СОС Детско село, Кристијан Алчинов - „Апитоксин"- Гевгелија. Младите успешни луѓе од општина Гевгелија - Атанас Епов, Мартин Бојмалиев, Љубица Гребенакова и Бруно Алчинов, со своите приказни ги мотивираа и инспирираа новите генерации. Завршбуит дел од „Младинскиот бран Vol. 2" беше исполнет со позитивна енергија, нови познанства и инспиративни разговори што ги поврзаа младите во заедничка приказна.Поддршка со свое присуство на настанот дадоа Карин и Карл Мек Вилијамс- волонтери на Американски мировен корпус во Република Северна Македонија кои престојуваат во Гевгелија и претседателката на Советот на Општина Гевгелија, Анета Стамкова.

**Годишни концерти на Школата за тапани и Секцијата за гитара**

# МЛАДИТЕ МУЗИЧКИ ТАЛЕНТИ НА ДЕЛО

Гевгелија и летово беше во знакот на младинската музичка сцена со одржаните два традиционални годишни концерти на младите таленти. Публиката имаше можност да проследи две различни, но подеднакво впечатливи музички приказни- Концертот на Секцијата за гитара и Концертот на Школата за тапани, кои го исполнија градот со енергија, ритам и аплаузи. Ритамот на тапаните и енергијата на изведбите го претворија Народниот театар во Гевгелија во епицентар на вистински музички земјотрес. На традиционалниот Годишен концерт на Школата за тапани, младите музичари со палките во раце покажаа дека талентот, трудот и љубовта кон музиката се добитна комбинација за освојување на публиката. Од рок и поп хитови, преку безвременски екс-ју рок класици, до гранџ, хард-рок и хеви-метал композиции, вечерта беше исполнета со моќни ритми, силна енергија и одлични изведби. Публиката имаше можност да ужива во разновидна музичка програма преку која учениците, под менторство напознатиот тапанар и музички педагог Момчило Делев,ги претставија своите музички способности, напредокот и љубовта кон музиката. На сцената настапија: Елена Пенова, Јани Ѓоргиев, Анастасија Јовановиќ, Зоран Ристов, Димитар Шабанов, Александар Трифуновски, Ана Ружова, Ристе Андреев, Парис Костаќев, Теодора Бацева, Даниел Наковски, Александар Кочев, Димитар Трајков и Антонио Трајковски. Концертот беше совршена прилика да се крунисаат резултатите постигнати на Интернационалниот натпревар по музика „Сергеј Михајлов" во Штип преку доделување на дипломите. За освоеното прво место беа наградени: Теодора Бацева, Антонио Трајковски, Димитар Трајков, Даниел Наковски, Елена Пенова, Ана Ружова, Александар Трифуновски и Александар Кочев. Посебно признание доби Теодора Бацева,



која освои извонредни 99,25 поени од можни 100. Второ место освоија Парис Костаќев, Ристе Андреев и Јани Ѓоргиев, додека дипломи за успешно посетување на наставата во текот на годината добија Анастасија Јовановиќ, Димитар Шабанов и Зоран Ристов.

По завршувањето на оваа ритмичка вечер, истата музичка сцена неколку дена подоцна беше исполнета со поинаков, но еднакво впечатлив уметнички израз. На платото пред



Народниот театар во Гевгелија, се одржа традиционалниот годишен концерт на Секцијата за гитара. Целиот концерт беше заснован на групни изведби, преку кои младите гитаристи прикажаа високо ниво на усогласеност, дисциплина и изразено чувство за заедничко музицирање. Во рамки на програмата беа изведени класични рок хитови, обработени теми од филмска музика, како и композиции од македонската музичка сцена, кои бараат прецизна ансамблска изведба и постојано меѓусебно слушање меѓу изведувачите. Учениците: Верица Динева, Еми Стафидова, Каме Југовски, Леона Ријкова, Андреј Иванов, Филип Икономов, Љупчо Лулуџиев, Томас Ќатов, Даниел Наковски, Јован Јовановски, Матеј Димитров, Мартин Стојанов, Гроздан Дојранлиев, Никола Мелков, Петар Ризов, Сара Терзиева, Аника Зафировска, Дона Атанасова, Димитар Ивановски, Александар Здравевски, Сара Карастојанова, Маја Раденова, Антонио Димитриев и Мила Лазарова покажаа фасцинантна усогласеност и сценска сигурност, претворајќи ја заедничката изведба во единствен, жив и хармоничен музички израз.Зад оваа импресивна музичка приказна стои музичарот Костадин Динев, чија работа е насочена кон развивање не само на индивидуалните музички способности, туку и на колективното музицирање и сценската дисциплина на учениците

# ПРОГЛАСЕНИ ПРВЕНЦИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈА ВО ОСНОВНОТО, СРЕДНОТО И МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Општина Гевгелија ги доби првенците на генерација за учебната 2025/2026 година. Пет ученика од основните и музичкото училиште во општината годинава го понесоа највисокото ученичко признание: Ана Урумова од ООУ „Владо Кантарџиев"- Гевгелија, Леонид Дуклевски од ООУ „Крсте Мисирков" - Гевгелија, Симона Ташкова од ООУ „Ристо Шуклев"- Негорци, Виолета Ангелова од ООУ „Климент Охридски"- Миравци и Благоја Стоев од Отсекот по пијано при ООМУ „Васо Карајанов"- Гевгелија.

Во СОУ„Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, исто така, беа прогласени првенците на генерацијата, кои беа претставени како гордост на ова средно училиште и инспирација за идните генерации. Со ова значајно признание се стекнаа учениците Ѓорге Новаковски – првенец на генерацијата за гимназиско образование, генерација 2022–2026, Јован Оџаков – првенец на генерацијата за стручно образование, генерација 2022–2026 и Верица Марковска – признание за континуиран одличен успех и примерно поведение во текот на образованието, генерација 2022–2026





Изборот на првенци на генерацијата е направен од Наставничките совети на училиштата, врз основа на утврдени критериуми што ги вреднуваат не само одличниот успех и примерното поведение, туку и активното учество во наставни и воннаставни активности, постигнатите резултати на Општински, Регионални и Државни натпревари, како и личните квалитети и одговорност што ги издвојуваат како пример меѓу своите врсници.На свечен начин, директорите на Училиштата им врачија признанија и пригодни подароци во знак на признание за нивните извонредни резултати во текот на школувањето и освоената титула „Првенец на генерација", посакувајќи им успех во идните образовни и професионални предизвици. Во согласност со долгогодишната пракса на Општина Гевгелија за поддршка на најуспешните ученици, градоначалникот Андон Сарамандов и оваа година ќе им додели паричен износ од 10.000 денари на првенците на генерација, како признание за нивниот вложен труд, посветеност и остварени успеси.

# КРЕАТИВНО ЛЕТО ЗА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ

И за време на летниот распуст, во Гевгелија продолжија бесплатните едукативни и креативни активности, кои им овозмо-жуваат на децата и младите квалитетно исполнување на слободното време преку учење, дружење и развивање на нивните таленти.Во организација на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито"- Гевгелија, се реализира Школата за керамика, под менторство на Гордана Николоска Петрова, академска вајарка и музејски копист. Преку практична работа со глина, учесниците имаа можност да ги развиваат својата креативност, рачните вештини и уметничкиот израз, изработу-вајќи уникатни керамички предмети и запознавајќи се со основните техники на керамичката уметност.



Паралелно со тоа, ЈОУ Дом на култура „Македонија" организи-раше бесплатна летна секција „Учиме англиски преку игра", која се одвиваше во просториите на Народниот театар во Гевгелија. Секцијата, водена од Вилма Стамкова, преку едукативни игри, натпревари и интерактивни активности им помагаше на учениците на интересен и забавен начин да го збогатат англискиот вокабулар, да ги усовршат јазичните вештини и да стекнат нови знаења во поттикнувачка и креативна атмосфера. Со ваквите бесплатни летни програми, културните институции во Гевгелија уште еднаш ја потврдуваат својата посветеност кон создавање квалитетни содржини за најмладите.



# УСПЕШНО ЗАВРШИ ЛЕТНАТА ЛИКОВНА ШКОЛА



Детската креативност, фантазија и љубов кон уметноста блеснаа на завршната изложба со која беше заокружена Летната ликовна школа во ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито" во Гевгелија. Просторот беше исполнет со живописни бои, оригинални идеи и насмевки, додека младите автори гордо ги претставија своите дела, создадени во текот на неколкудневната едукативно-креативна програма. Изложбата претставуваше круна на нивниот труд, посветеност и уметнички развој, а бројните родители, роднини и посетители имаа можност одблиску да се запознаат со талентот и креативниот потенцијал на најмладите. Во текот на школата, децата преку практична работа ги совладуваа основите на ликовната уметност- композицијата, бојата и формата, експериментираа со различни ликовни техники и создадоа дела кои сведочат за нивната имагинација, слобода на изразување и индивидуален уметнички пристап.

Целиот процес се реализираше под стручното менторство на м-р по уметности Мирјана Крстева Массетти, која преку своето искуство и креативен пристап им помогна на учесниците да ги развиваат своите способности, да стекнат нови знаења и да ја претворат инспирацијата во вистински уметнички дела. На крајот од изложбата, на младите уметници им беа доделени благодарници како признание за нивното успешно учество во Летната ликовна школа, со што беше заокружено уште едно успешно издание на оваа креативна летна програма. Летната ликовна школа беше бесплатна и достапна за сите деца кои покажаа интерес за уметноста, овозможувајќи им дел од летниот распуст да го исполнат со учење, дружење и творење.

# ПРИЕМ НА ДРЖАВНИТЕ ШАМПИОНИ ВО ФУТСАЛ

Учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски" - Гевгелија постигнаа извонреден успех на Гимназијадата 2026 што се одржа во Струмица. Гевгелиските ученици го освоија првото место и златниот медал во футсал, со што станаа државни прваци на Македонија, а дополнително го освоија и второто место во голем фудбал. Постигнатите резултати се најдобра потврда дека Гевгелија располага со талентирани и посветени млади ентузијасти во спортот.

- Овие резултати се плод на нивната напорна работа, дисциплина и посветеност, а секако и на континуираната поддршка од нивните професори, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на приемот што го организираше за наградените ученици и нивниот ментор Никола Караколев. Притоа, нагласи дека Општина Гевгелија ќе продолжи да ги поддржува младите и да создава услови за нивен развој во спортот, образованието и сите области во кои достојно го претставуваат нашиот град.



# ГЕВГЕЛИСКИ УЧЕНИЦИ НА ИНТЕРКУЛТУРНА РАЗМЕНА ВО ШВАЈЦАРИЈА



Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина", осуммина ученици од ООУ ,,Крсте Мисирков" од Гевгелија, заедно со својот супервизор и координатор на проектот, наставничката Мери Олумчева, неодамна учествуваа на интеркултурна размена во детското село Песталоци во Троген, Швајцарија. Проектот во ООУ„Крсте Мисирков"- Гевгелија се реализира веќе втора година, а гевгелиското училиште беше избрано по успешно реализираните работилници, акции, изложби, театарски претстави, изработени летоци, видеа и мурали на дадените теми.

Во текот на престојот во детското село, учениците: Ана Марија Чучанова, Благица Паласкарова, Ангела Велкова, Наце Кованџалиев, Јован Јованов, Драган Диманов, Росана Проданова и Дарија Димитрова беа дел од работилниците посветени на детските права, почитувањето на различностите, антидискриминацијата, принципите на мултикултурниот дијалог и комуникацијата, како и од темите поврзани со ненасилството и со толеранцијата.

Инаку, гевгелиските ученици работеа во двојки и групи и разменуваа идеи, ставови и искуства со врсници од Неготино, Кочани, Скопје и Битола, како и со група ученици од Република Србија. Преку различни активности, дискусии и тимски задачи, тие стекнаа нови пријателства, запознаа различни култури и јазици и градеа позитивен став кон толеранцијата, еднаквоста и почитувањето на човековите права.

Спорт

# МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „НИКОЛА ГЕЛЕБЕШЕВ 2026“




Гевгелија и ова лето беше домаќин на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“, спортска манифестација која низ годините прерасна во препознатлив настан посветен на младите спортисти и негувањето на споменот за Никола Гелебешев. Натпреварите од новото издание на Турнирот, во организација на ЗГ Навивачка група „Фантоми Север“- Гевгелија, се играа на мултифункционалното игралиште кај ДТВ„Партизан“, кое и годинава беше центар на младинскиот спортски живот во градот.

На Турнирот учествуваа екипи составени од играчи од генерациите 2008/09/10, 2011/12, 2013/14, 2015/16 и 2017 година и помлади. Турнирот и оваа година привлече голем број учесници, како и бројна публика која уживаше во натпреварувачката атмосфера и возбудливите фудбалски натпревари. Имено, на турнирот беа пријавени 26 екипи во 5 категории од цел Југоисточен Регион: Гевгелија, Валандово, Богданци, Дојран, Кавадарци и Неготино.

# ГЕВГЕЛИЈА ДОМАЌИН НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ „MASTERSCUP 2026“



Интернационалниот младински турнир на едно место обедини млади фудбалски таленти, спортски клубови и гости од повеќе европски земји, што претставува одлично искуство за децата и спортистите од нашиот град. Гевгелија беше домаќин на еден ваков голем меѓународен спортски настан. На Турнирот настапуваа екипи и фудбалски школи од Македонија и странство, меѓу кои и реномирани клубови како: Fenerbahçe, Црвена Ѕвезда, KAAGent, Panathinaikos, CSKASofia, Beşiktaş, Чукарички, како и повеќе домашни клубови и фудбалски школи.

Натпреварите на стадионот во Гевгелија поминаа во одлична атмосфера, фер-плеј натпреварување, дружење и позитивна енергија. Изминатите години Гевгелија прерасна во посакувана дестинација за организација на настани од интернационален карактер, со што дополнително се афирмираме како град со одлично гостопримство. Покрај Гевгелија дел од натпреварите се одиграа и во соседните општини Дојран и Валандово, со што целиот регион е дел од оваа голема спортска манифестација.

# МИОДРАГ ТОДОРОВИЌ НОВ ТРЕНЕР НА КК „КОЖУВ“




Миодраг Тодоровиќ е новиот тренер на Кошаркарскиот клуб „Кожув“, кој во Гевгелија доаѓа од екипата КК „Маџари“, каде што беше главен тренер и работеше на развојот и напредокот на тимот. Претходно беше дел од стручниот штаб на КК „МЗТ“- Скопје како помошен тренер, стекнувајќи значајно искуство на највисоко клупско ниво во македонската кошарка. Воедно, тој е и селектор на Македонската репрезентација до 18 години, што дополнително ја потврдува неговата стручност, посветеност и квалитетна работа со младите категории. Во претходната сезона, Тодоровиќ беше избран за најдобар тренер во македонската Супер Лига, како признание за неговата работа, резултати и професионален пристап.

**Од 5 до 15 август во Гевгелија и Скопје**

# ЕВРОПСКО КОШАРКАРСКО ПРВЕНСТВО НА КАДЕТИ

Од 5 со 15 август во Гевгелија и Скопје ќе се одржи Европското првенство од Дивизијата „Б", за кошаркари под 16 години. Изборот на Гевгелија претставува можност градот да се претстави во вистинско светло – како одличен домаќин, со својата спортска инфраструктура, гостопримство и организациски потенцијал. Според КФМ ова Европско првенство ќе биде добра можност младите кошаркарски надежи од повеќе европски земји да ги покажат своите таленти токму во Македонија. Но, исто така, и можност нашата држава уште еднаш да ја потврди својата посветеност кон развојот на младинскиот спорт. Кошаркарската федерација на Македонија, во соработка со локалната самоуправа во Гевгелија, вложуваат максимални напори за организација на првенство, кое ќе биде пример за професионалност, спортски дух и гостопримство, на гордост на македонската кошарка и на целата држава.

Подготовките за организиран и достоен пречек на младите кошаркари се одвиваат непречено. Почнувајќи од доопремување



на спортската сала „26 април", организиран пречек и сместување на европските кошаркарски кадети, па, се до непречено одвивање на натпреварите. Имено, финалните кошаркарски средби на најдобрите екипи, кои ќе учествуваат на првенството, ќе се одржат во Гевгелија. Машката репрезентација на Македонија „Под 16" години веќе ги започна подготовките за настапот. По селективниот процес, во кој беа вклучени околу 40 до 45 кошаркари од оваа возрасна категорија, стручниот штаб го скрати списокот на 16 кандидати. Првата фаза старуваше со тестови за физичка проверка на кошаркарите, а беа организирани и првите интерни контролни натпревари. Покрај, меѓусебните дуели, македонските кадети имаа два контролни меча, во Бугарија, каде што се сретнаа со домашната селекција 'Под 16', како и против репрезентацијата на Ирска.

# КАДЕТИТЕ НА ФК „КОЖУФ" ПРВАЦИ ВО ВТОРАТА МАКЕДОНСКА КАДЕТСКА ЛИГА.

Кадетите на ФК „Кожуф", откако минатата година го освоија првото место во Третата кадетска фудбалска лига, оваа година отидоа чекор напред. Со импресивни игри, со неверојатен скор од 24 победи, едно реми и само два пораза, со постигнати 115 голови и примени само 20 голови на 27 натпревари, овие млади надежи и идни првотимци на „Кожуф" станаа шампиони во Втората македонска кадетска фудбалска лига. Зад себе, на второлигашката табела ги оставија екипите на Победа од Прилеп, ССК и КУЛ од Скопје, Силекс од Кратово, Беласица од Струмица, Куманово, Ренова од Тетово, Шкендија од Арачиново и Детонит од Радовиш.

Пехарот за освоеното прво место на свеченоста на Градскиот стадион во Гевгелија им го врачи координаторот на „Кожуф", Трајче Ников. Главни „виновници" за овој голем успех, се пред се играчите,




предводени од тренерот Никола- Коки Филипов. Тој е единствениот фудбалер од Гевгелија, кој заиграл во Купот на Европските шампиони, со екипата на „Вардар", а е носител на УЕФА фудбалска лиценца. Голгетери се Теодор Пешевски со 29 голо, капитенот Илија Паласкаров со 26 и Лазар Јаневски со 21 гол. За кадетскиот тим на ФК „Кожуф" настапуваа уште и: Тодор Петков, Јордан Брљамов, Томе Јанев, Филип Рековиќ, Филип Диневски, Живко Ѓоргиевски, Димитар Пеев, Јован Мачуков, Филип Цуклев, Мартин Мелков, Илија Кованцалиев, Александар Чурлинов, Димитар Дуев и Аврам и Бојан Боеви.

# ВРЕМЕПЛОВ НА МАЛИОТ ФУДБАЛ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во шеесетите години од минатиот век на ракометното игралиште во Градскиот стадион во Гевгелија, преку цело лето, се играше интересен мал фудбал. Така, растеше генерацијата 1965-1975година, која остави најдлабоки траги во историјата на ФК„Кожуф" и воопшто на фудбалот во Гевгелија. Особено по организирањето на првиот турнир во мал фудбал за да се расчисти дилемата:која екипа е најдобра, пишува во монографијата за „Есперо" гевгелискиот фудбалер Ѓорѓе Костовски-Мачки за развојот на мал фудбал на овие простори.

На 1 август 1960 година, започна Турнирот, на кој беа пријавени 16 екипи, а меѓу учесниците беа: „Есперо", „Сташон", „Ѓорѓи Митров"- Миравци, „Проектили", „Асови-Кожув", „Мирна ноќ -Јосифово, „Самоникли", „Торпедо"- Стојаково. На првиот турнир првак беше екипата на „Есперо", за која играа: Тодор Петков, голман, Живко



Прочков, Ристо Магдинчев, Стамко Кантарџиев- Бузука, Нишко Јанчев- Синда, Горѓе Костовски- Мачки, Аце Гошев Панов и Благој Лазаров- Прима. Свеченото доделување на наградите беше во салата на ДТВ „Партизан": третопласираната екипа за награда доби десет тулумби, второрангираната - десет тулумби и наполитанки, а првакот „Есперо", доби десет тулумби и чоколадни наполитанки.

# МОЗАИК

## УСПЕШЕН НАСТАП НА ХОРОТ „ГОРТИНИЈА“ ВО СКОПЈЕ



Градскиот мешан хор „Гортинија“ имаше успешен настап на IX Меѓународен хорски фестивал „Драган Шуплевски“ во Скопје. Во Музејот на македонската борба за самостојност гевгелиските хористи, под диригенство на Илија Атанасов, настапоија со - Gagliarda – BaldassareDonati, DiesIrae – MichaelJ. Trotta, LocusIste – AntonBruckner и Македонско оро – Тодор Скаловски. Покрај гевгелискиот хор настапија и: Камерен хор „Франце Прешерн“, Женски камерен хор „Керамија“ – Прилеп, Џез хор „Артизан“ – Скопје,Женски младински хор МКЦ – Скопје, Женски младински хор „Менада“, и домаќинот Академски хор „Мирче Ацев“

## „БОЈМИЈА“ СО ТРОФЕЈ СЕ ВРАТИ ОД РОМАНИЈА



Ансамбл „Бојмија“ успешно ја претстави Македонија и Општина Гевгелија на јубилејното XXX издание на Меѓународниот фестивал на фолклор за деца и млади „Cătălina“, кој се одржа во Јаши, Романија. Фестивалот беше од натпреварувачки карактер, а на него настапија ансамбли од: Италија, Црна Гора, Полска, Молдавија, Македонија, како и бројни домашни ансамбли од Романија. Гевгелиските играорци дома се враќаат со освоениот „Трофеј на Фестивалот“ - највисока награда, воодушевувајќи ја публиката и жирито со презентацијата на македонските народни игри, песни и автентични носии.

## ДОНИРАНО АМБУЛАНТНО ВОЗИЛО



Детската градинка „Суница“ од Гевгелија донираше амбулантно возило на Општата болница во Гевгелија. Имено, сопствениците на приватната детска градинка и на Софтверската компанија „Роуд Гејмс, Рената и Александар Сламкови, на пригодна свеченост клучевите од амбулантното возило му ги предадоа на директорот на Општата болница со проширена дејност, д-р. Патрик Матх. Донираното албулантно возило значително ќе го подобри возниот парк на оваа здравствена установа, а секако и здравствената заштита

## ИЗЛОЖБА НА ОЛДТАЈМЕРИ




Првиот олд-тајмер клуб во Гевгелија „RULES CLASSIC“ ја организираше првата ревијална олд-тајмер изложба и забава во Гевгелија, која се одржа на паркингот пред „Де Факто“ и „Велвиција“. За најстар олдтајмер беше прогласен американски џип, произведен во 1945 година, сопственост на Миленко Неделковски. Покрај самата изложба, организаторот приреди интересни натпреварувања - трчање на 25 метри во цик цак и јадење на пет кебапчиња во лепиња, фрлање на автомобилска гума во далечина и одштрафување и заштрафување на тркало. По изложбата за сите присутни беше организирана забава со групите Crossroad Blues Band I Live Wire.

## „НА СРЕД СЕЛО“ ВО НЕГОРЦИ



Над 300 деца- играорци учествуваа во детската културна манифестација „На сред село во Негорци“. КУД „Негорци“ на овој начин продолжи да ги негува традицијата и фолклорот, организирајќи го овој настан сред село. Впрочем, како што се правело во минатото, кога недела бил денот на седенки и дружења. Но, овојпат, главни актери беа најмладите играорци, кои покажаа дека фолклорот и традицијата треба да се почитуваат и негуваат. И тоа, преку дружење и пријателство, играјќи и пеејќи ја„Македонско девојче“, но и многу други песни и ора изникнати од ова поднебје.

## ШАМПИОНАТ НА ШАХОВСКИ ВЕТЕРАНИ



Во хотелот КАЛА во Негорски Бањи, се одржа првиот Шампионат на Македонија за шаховски ветерани. На Шампионатот учествуваа шахисти родени 1966 година или порано, кои се натпреваруваа во стандарден шах, а Турнирот се регистрира и рејтингува во Меѓународната шаховска федерација ФИДЕ. Директор на овој интересен турнир е некогашниот младински првак во шах на Македонија во 1965 година и четврти на младинскиот шампионат на некогашна Југославија, Ѓорѓи Прошев, сопственик на фабриката „Вори“.

## ЕВА НИКОЛОВА ТРЕТА НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ВО ГИМНАСТИКА



Ученичката од ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци, Ева Николова го освои одличното трето место на Државното првенство во спортска гимнастика за основните училишта, што се одржа во Велес. Тоа е голем успех за неа, како и за нејзината професорка Бојана Танова, бидејќи беше извојуван во силна конкренција на ученички од 7 и 8 одделение. Организатор на првенството беше Федерацијата на училишен спорт, а младите гимнастичарки и гимнастичари покажаа неверојатен талент и дисциплина.

## КИК БОКСЕРОТ ПЕТАР ПЕЕВ ВТОР НА БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО





Нови Сад беше домаќин на Балканското првенство во Кик-бокс, на кое учествуваа натпреварувачи од: Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Македонија, Бугарија и Албанија. Над 300 кик-боксери демонстрираа атрактивни борби во сите категории. На првенството забележлив успех постигна и претставникот на Кикбокс клубот „Аждер“ од Гевгелија. Петар Пеев, во категоријата К1, го освои одличното второ место, под водство на тренерот Дејан Панов.













ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk